

**ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ** *„Автопортрет“* *масло на платно* **36x46**

# ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ

Лазар Личеноски (1901-1964) се јавува со своето творештво во времето на пресвртните општествени и политички промени кои се од судбоносно значење за Македонија. Заедно со првата генерација современи македонски уметници : Никола Мартиноски, Димитар Пандилов, Василие Поповиќ-Цицо, Томо Владимирски, Вангел Коџоман, Љубомир Белогаски и Димо Тодоровски, тој е сведок на драматичните историски настани што водат, а потоа се и дел од борбата за националното ослободување на македонскиот народ. Всушност, речиси четиридецениското творечко дејствување на Личеноски е во извесна смисла херојски потфат во процесот на создавањето и развојот на современата македонска ликовна уметност, која се надоврзува на брилјантниот визуелен материјал од средновековното културно наследство.

Навестувањата на првите профани композиции во делата на последните зографи (од коишто ја црпеа љубовта кон сликата), не значеа темелни поместувања од средновековието кон современиот израз, но сепак длабоко влиаеја врз Личеноски како ликовен поттик и континуитет на богатата средновековна визуелна ризница. Личеноски, заедно со своите колеги од најстарата генерација, создава вид “аквадукт” меѓу постарата и новата епоха ;времето на Балканските војни и периодот по Втората светска војна.

Најголемиот дел од својот творечки пат (1921-1945) Личеноски го минал речиси целосно во Белград, со еден позначаен прекин од 1927 до 1929, кога престојува во Париз. Во Скопје се враќа по војната и останува во него до крајот на својот прерано згаснат живот. Некои од најзначајните дела, без кои не може да се следи развојниот процес на овој автор, се создадени во Белград. Најголемата збирка на неговите творби (околу стотина дела) се наоѓаат во куќата на Личеноски во Скопје во која ги минал последните години од животот и творештвото.

### *На прагот на 20 век*

Додека во почетокот на 20 век Европа ги премерува своите уметнички сили на Светската изложба во Париз, 1900 година, “четирите јавачи на аполкалипса”: Жорж Сера, Пол Сезан, Винсент Ван Гог и Пол Гоген, ги напуштаат одаите на постимпресионизмот и зачекоруваат во предворјето на новата епоха на модерното сликарство, Балканците во Гран Пале, како гости од провинција, се уште се залажуваат во историско, националните патетични епски композиции во византиските павилјони. Рефлективно, овие суштински поместувања се одразуваат со задоцнување и на Балканот, модифицирани според националните, културните и традиционалните белези, според духот и менталитетот на регионот, секогаш со едно око свртени кон Европа. Векови далеку од тој забрветан свет што граба кон новото столетие, Македонија се уште го носи

бремето на петвековната отоманска окупација ( до 1912 година) по блескавиот расцут на средновековната уметност; запрена во својот зенит, така што почетоците на модерниот ликовен израз кај нас можат да се следат меѓу 1920 и 1930 година.

Влегувањето на Личеноски во белградскиот сликарски круг, 1921 година, коинцидира со третата генерација уметници кои масовно се школуваат на академиите и уметничките школи во странство: Прага, Фиренца, Будимпешта, Краков, Виена, но потоа брзаат во Париз да го корегираат, на свој начин, наученото. Во оваа, една од највиталните и најдинамичните децении во развојот на современата уметност, се преплетуваат локалните законитости на внатрешниот развој на уметноста и влијанијата од западна Европа ( Париз); Сезан, кубистите, новиот класицизам и експресионизам ( на обликот). Некако логично, според традиционалната шема на духот и менталитетот, овие влијанија доаѓаат во „девијантен" вид : експресионизмот со зајакната тенденција кон традицијата, а кубизмот со неговата умерена варијанта на Андре Лот.

Како што во дијаметарот на кругот каде што се воспитувал Личеноски се правеше избор според личните законитости и традиционалните условености, за да се зачува внатрешниот развоен процес, во форма која се определи за стилот на „скршената и разочарана западноевропска авангарда", Личеноски направи уште едно лично преструктуирање, сопствена цензура и селекција на она што посредно ( во Белград) и непосредно ( во Париз) го допрел.

Допирот со изворите во Париз, за Личеноски значи и грижливо проучување на оние содржини на стилските определби од кои со внимателна избирливост ќе го определи комплексниот арсенал на својата слика, со особен пиетет кон Утрило, кон класичната фаза на Пикасо, како и кон експресивната егзалтација на колористичкиот вител на Делакроа, топењето на бојата кај Реноар итн

### *Враќање од Париз*

Поинаквото навлегување во реалното, со интуиција и со спонтана сензација, непосредниот допир со природата и една релаксираност од конструктивниот императив на идеалното, во четвртата деценија се претвори во забревтан шум на сопствената крв и на индивидуалните егзистенцијални и судбински параметри.Всушност, процесите на сменувањето на двете спротивни ликовни естетики на третата ( формата) и четвртата( бојата) деценија, се случуваа во време на престојот на Личеноски во Париз.

Бојата станува понапластена, поинтензивна и ја нагласува предметноста на она што е најконкретно во сликарството- материјата. Во запуштените приградски и селски амбиенти и нивната елементарна рустична градба ги истакнува трагите од грубото неимарење и пиктуралните вредности на излупените трошни ѕидови,

Општо земено, во оваа деценија, Личеноски ќе го кристализира ликовниот ракопис, ќе ги резимира и редуцира искуствата и ќе создаде најзначајни дела на својот творечки пат, ќе се определи за трајното, за македонското поднебје, за колористичката експресија, за широк експресивен потег до густи фактури создадени од колористичкиот сок.

После барањата за стабилизирање на „дуелот" меѓу формата и бојата ( 1929- 1931), Личеноски, набргу, благодарение на инспиративното и конструктивно патување низ Македонија ( 1930/31 и 1933/34), бојата ја сфаќа како материја.

До крајот на четвртата деценија и до средината на петтата, Лазар Личеноски веќе има

кажано се во својата слика, ја има оформено и дефинирано ликовната мисла, тематската и мотивската ориентираност. Од овој период неговото дело станува се „пореалистично“ и „маниристичко“, особено имајќи го предвид единствениот нов мотив - афионските полиња.

Оставајќи го зад себе носталгичниот инвентар на првите „обоени“ визии во своето ателје во Душанова улица , со последно „збогум“ Личеноски го напушти Белград, се врати конечно во Македонија( јануари 1945) да го врати својот сликарски долг и „антејски“ да ги обнови своите творечки сили од почвата, од која има „позајмено“ толку многу пејзажи, предели, теферичи, рибари, долапи...

### *Кон крајот на творечкиот и животен пат*

Во педесеттите години се навраќа и на некои други, порано користени мотиви, повторувајќи ја веќе рутинираната сликарска постапка. Заморен од варијациите на пејзажот и веќе пополнетиот тематски репертоар, полека стивнуваа смелоста и замавот, но сепак ја разгоре последната искра во расцутените афионски полиња,

Ткајач на македонскиот мотив, во одморот меѓу афионите, Личеноски го бара мирот во тивката атмосфера на „Сликарското ателје во Галичник“, 1963 година, од каде што за последен пат топло го погледна неговиот извор на вечноста - Галичник, неговиот заборав и слатка тага, неговата носталгија и радост, негова совест и живот, копнеж уште еднаш да го вдахне стаклестиот остар мијачки воздух и онаа мемлива миризба на бачилата што остана да не сеќава на творецот на најживописната етнолошка слика на Македонија.

*Викторија Васева Димеска*

## ОСНОВАЊЕТО НА ДСУЛУД, „ ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ “ , СКОПЈЕ

Пред точно 65 години започна првиот наставен час во нашето училиште.Веќе афирмираната генерација на ликовни творци беше иницијатор за основање на уметничка школа во Скопје. Президиумот на АСНОМ го прифати предлогот на ликовните уметници на Македонија за основање на Државна художествена школа во Скопје со два отсека: художествен и учителски. Со донесувањето на одлуката, на ден 01.12.1944 година повереникот за народна просвета Епаминонда Попандонов донесе решение за назначување на Никола Мартиноски за директор на школата. За предавачи беа назначени: Лазар Личеноски, Борко Лазески, Димитар Тодоровски, Василие Поповиќ-Цицо, Тома Владимирски и Здравко Блажев. Президиумот на АСНОМ одлучи со отворањето на школата, истовремено да отпочне и курс за оспособување на привремени наставници за цртање и калиграфија, потребни за основните училишта и гимназиите.

Приемните испити за редовни ученици на Школата и на Курсот се одржаа од 1 до 4 февруари 1945 год. Редовната настава за учениците на Школата и за посетителите на Курсот почна со пригодна свеченост на 5 февруари 1945 год. Наставата отпочна во салата и читалните на градската библиотека и во просториите на тогашното основно училиште „Гоце Делчев“, што се урнаа за време на скопскиот земјотрес 1963 год., а беа во непосредна близина на Друштвото на писателите на Македонија.

На крајот од првата учебна година во месец јуни, со успех завршиле 20 ученика на двата отсека на школата, од кои 12 посетители на курсот. Тогаш, во Градската библиотека беше организирана изложба на учениците, која побудила голем интерес во јавноста.

Наставничкиот колегиум на Школата веднаш покрена иницијатива за изградба на училишна зграда. Министерството за финансии ја поддржа иницијативата и за време на учебната 1945/46 година беше изградена нова зграда на просторот меѓу зградата на тогашниот Економски техникум и на Домот на пожарникарите, во непосредна близина на сегашната зграда на градската болница „Наум Охридски“. Новата зграда на училиштето беше збиралиште на ликовните уметници како и на љубителите на ликовната уметност. Се одржуваа предавања и се водеа дискусии од областа на ликовната уметност.



На Предлог на Повереноството на Просветата,Президиумот на АСНОМ, на своето заседание одржано во гр.Скопйе на 1 декември 1944 година донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е:

Чл.1.Да се отвори во гр.Скопйе , музикална академийа, Средна художествена школа и Учителска школа.

Чл.2 Овоа решение влегува во сила веднага.

ПРЕЗИДИУМ НА А С Н О М

СЕКРЕТАР,
/Страхил Гигов/

ПРЕДСЕДАТЕЛ,
/Методија Андонов-Ченто/

Образовниот процес траеше пет години со изучување на следните предмети: македонски јазик, руски јазик, историја, историја на уметноста, анатомија,

*1944, 1 декември, Скопје*

**Решение на Президиумот на АСНОМ за отворање Музичка академија, Средна уметничка школа и Учителска школа во гр. Скопје**[140]

На предлог на Повереништвото на просветата, Президиумот на АСНОМ, на своето заседание одржано во гр. Скопје, на 1 декември 1944 година, го донесе следното

РЕШЕНИЕ

Член 1

Да се отворат во гр. Скопје Музичка академија, Средна художествена школа и Учителска школа.

Член 2

Овоа решение влегува во сила веднага.

ПРЕЗИДИУМ НА АСНОМ

СЕКРЕТАР,
Страхил Гигов, с. р.

ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Методија Андонов-Ченто, с. р.

140 АМ — Скопје, фонд: АСНОМ, к. 2.

371

краснопис, перспектива, вечерен акт, цртање, сликање акварел, сликање масло, графика, вајање, декоративно стилизирање и декоративна пластика. Наставата беше изведувана од редовни, но и од хонорарни наставници.

Во 1949 год. започна реорганизациона реформа на уметничкото школство во СР Македонија. Во согласност со Министерството за комунални работи и Министерството за просвета на СРМ, во чија надлежност беа Резбарското училиште во Охрид и Државната художествена школа во Скопје, се изврши нивно фузионирање. Со Уредба на Владата на СРМ во 1950 год. се формира Школата за применета умност.

Бидејќи просториите на Художествената школа не ги задоволуваа потребите на новоформираното училиште, нејзините простории се отстапија на Ансамблот за народни песни и игри „Танец“, а на ново формираното училиште му се додели зградата на основното училиште „Његош“, што се урна во скопскиот

катастрофален земјотрес во 1963 год. На негово место по земјотресот е изградено основното училиште „Песталоци“. Неколку години пред земјотресот Школата за применета уметност е пренесена во денешните простории, како привремено решение до изградба на нова училишна зграда. Но, тоа не се изреализира до денешни дни па и денес Државното средно училиштето за применета уметност ја изведува наставата во истата таа зграда, во стеснети и крајно несоодветни услови, што е пречка за осовременување на воспитно-образовниот процес, како и за внесување на нови ликовно-применети дисциплини.

Со завршувањето на првите генерации на Државната средна художествена школа се изврши и конституирањето на Училиштето за применета уметност. Директорот на Художествената школа, Никола Мартиновски, беше разрешен од должноста директор и поставен за директор на Уметничката галерија во Скопје. За директор на училиштето за применета уметност беше поставен директорот на Резбарското училиште од Охрид, кое што се фузионира со Художествената школа во Скопје, академскиот сликар Димче Протуѓер. Наставничкиот кадар од Художествената школа беше дополнет со академскиот сликар Димитар Пандилов, протамајсторот, резбар, Нестор Алесиевски, резбарот Славе Атнасовски, Перо Калајџи и високо-квалификуваните мајстори: Иван Шопов, Томе Костовски и Блаже Јовески. За општо образовната настава беа назначени: Мишко Радосављевиќ - македонски јазик, Миланка Бошкова - историја и историја на уметност и Сисое Манчев - француски јазик. За некои предмети беа ангажирани хонорарни наставници.

Министерството за просвета, подоцна Министерство за наука на СРМ, заедно со наставничкиот кадар на Училиштето за применета уметност и во соработка со надворешни стручни лица, изработија наставен план и програма за училиштето со следните отсеци: декоративно сликарство, декоративно вајарство, применета графика, обработка на текстил, внатрешна архитектура и керамика. Беше направена програма за работилниците за обработка на гипс, камен и дрво, со насока и на резбарство.

Тогаш академскиот сликар Вангел Коџоман беше задолжен да подготви предлог и програма за формирање на Наставна група за ликовно воспитание при Педагошката академија во Скопје. Таа почна да образува кадри во академската 1951/52 год.

Министерството за наука и култура на СРМ додели стипендии на завршени ученици од Училиштето за применета уметност да го продолжат образованието на Ликовните и Применети академии во Белград, Загреб и Љубљана. По завршувањето на студиите, во воспитно - образовниот процес на училиштето се вклучија следните дипломирани студенти: Јордан Грабуловски, Рашко Муратовски, Љубодраг Маринковиќ - Пенкин, Раде Пенчуклиевски, Душко Стојановски и други. Училиштето работеше успешно, осовременувајќи го постојано воспитно - образовниот процес.

Денес, училиштето во наставниот процес вклучува шест оддела: применето сликарство, применето вајарство, применета графика, дизајна на текстил и облека, дизајн на ентериер и мебел и дизајн на керамика.

Образува кадри кои со голем успех го наоѓаат своето место како во индустријата така и како слободни ликовни творци. За потсетување, како на пример првата генерација на завршени ученици 1948/49, беше генерација на нашите денес реномирани уметници, кои го продолжија образованието на ликовните и применетите академии и достојно не претставуваа и се уште не претставуваат во земјата и надвор од неа. Таа е генерацијата за почит, не можеме да не ги именуваме: Ванчо Георгиевски, Пецо Видинче, Благоја Папазовски, Јордан Грабуловски, Петар Мазев, Рашко Муратовски, Спасе Куновски, Боро Митриќески, Јонче Симонче, Анастасија Иванова, Лазар Спасеноски, Бранко Костовски, Менде Ивановска, Пано Аѓушев, Трајче Јанчевски, Петар Спировски, Борка Аврамовска и Трајче Николовски.

# МОЕТО УМЕТНИЧКО УЧИЛИШТЕ

## СОНОТ...

...Во темно-сината сенка на дуњата што растеше во средината на дворот, потпрен на стеблото, седи дедо ми, Ѓуро, седокос, со правилни речиси римски црти на лицето, со густи доги бели мустаќи и чело изорано со бразди од годините, очи сини како небото над старата негова куќа-кораб, кај Јаја Пашината џамија, целиот е мисла, и однадвор и одвнатре... Ковчестите долги прсти на неговите раце незабележливо трепрат како да го ронат времето, отскокнуваат врз жолтиот дрвен бастум... целиот е тишина што грми и татне низ топлиот јунски ден...

Јас, со блокчето на колена и моливот в рака, седнат на малото плетено столче, го цртам со восхит, со љубов и со некој чудесен страв; со страв да не го погрешам цртежот за мачниот печалбарски живот, за војните што ги преживувал, за патиштата што ги изодел по „лажната дуња", како што имаше обичај да каже... Линиите го шараат белиот лист во сите правци... излегуваат коските на черепот, излегуваат очите, носот, мустаќите и под нив корава насмевка... Човек маска, маска Човек, мисла и воздишка, што печат како жар...

Тој имаше над осумдесет години, а јас штотуку ја завршив осмолетката во училиштето „Даме Груев". Го цртав по не знам кој пат. Се редат цртежи; цртежи од напред; само портретот; цртежи од страна; портретот и двопојасниот изглед на неговото тело; ги цртам само рацете што носат жар наутро во дланките, да го запалат огнот во фурната. Тој беше фурнаџија, мајстор каков што немаше во цело Скопје.Сите сакаат кај него да го печат лебот. Целото Турско Маало за Бајрам ги печеше баклавитеи кадаифот, кај големиот мајстор. А, тоа беше големо признание...

Ќе бидам ли јас како него, вистински мајстор? Ги собирам цртежите одделувајќи ги оние што треба да ги приложам на конкурсот за упис на нови ученици што го беше распишало Уметничкото училиште, Училиштето од моите соништа!!! Од кога знам за себе, сонував да бидам ученик на тоа училиште. Цртав и ден и ноќ. И сонував.Во тој сон, го слушав дедо ми додека ми ги покажуваше иконите во чаирската црква, по завршената света литургија. „Гледај синко, како да се живи.Поживи од нас. Постојано не следат и како да сакаат да ни кажат: Ние сме свети, зашто сме живи!"

„*Кој ги направил такви?*" - го прашував. „*Живописците, тие се посебен и редок сој на луѓе, одбрани од Творецот*" - ми одговараше.

„*Учат ли тие некакво училиште?*" - го прашав. „*Учат*" - ми одговори - „*учат од срцето и умот, од Бога и од луѓето; од природата, од ѕверовите и птиците; од реките и морињата, од Небото и Земјата; од Пеколот и од Рајот. Тоа училиште и таквото учење во него, е едно од најстарите и најтешките. Во него живописецот учи додека е жив, синко мој*".

„*Јас дедо сакам да одам во тоа училиште*,- му реков. "*Тогаш научи да сонуваш со отворени очи.Да бидеш душа што ќе ги прибере во себе сите*

*човечки души на овој и на оној свет.*" „*Знам и гледам, дека тоа ти е изречено на третата вечер. Ангелот нека е со тебе дете мое.*" Темен облак со густа сенка го прекри дворот. Кога се раздени, дедо ми беше заминал во други за мене непознати светови...

Го сонувам сонот и сега кога сум побелен во косата. И се уште учам во најубавото и најтешкото училиште на светов и веков! Во моето Уметничко училиште!

## *УЧИЛИШТЕТО*

Во Уметничкото училиште, тогаш Училиште за применета уметност, се запишав во 1958 година. Бев пресреќен кога влегов во зелениот двор. Чист и уреден од вредните раце на Мето-служителот и од неговата жена, Пареса Наскова.

Пет години по ред, рано наутро, со блокот под мишка, од Чаир па преку дрвеното мовче, низ Еврејското маало кај Стариот театар, стигнував во Училиштето. Цртав, сликав, моделирав... учев... Училиштето беше сместено во две долги жолти згради.Во нив ходници. Од едната страна ателјеа и управата, од другата прозорци што гледаат кон дворот полн со цвеќе и живо зеленило.

Во другата зграда, ходник и училници од една и од друга страна. Едните прозорци гледаат во дворот, другите на тесната улица...

Во утринските часови сликавме, цртавме и моделиравме. Бев бескрајно среќен пред штафелајот и боите што стоеја на високо столче, покрај него. Во попладневните учев историја на уметност, македонски, француски, геометрија, перспектива...

Наутро кога одев кон ателјето, ќе застанев пред Дискоболсот на Мирон што стоеше челно од влезот. Стоев и чувствував силна возбуда пред таа убавина што боли. Мислев дека секој миг, ќе одлета дискот во недостижни далечини! Колку е жив тој млад човек, како мерка и како волумен! Се на него е напнато како стрела врз лакот! Величествена убавина на движењето како мисла и како време! И без да ме види никој, во еден миг ќе го допрев! Очекував дека топлината на свитканото тело ќе ми предизвика задоволство! И, гледај, па тоа е само гипс! На постаментот ќе прочитав дека тоа е одлив од Римска копија, направен во гипсотека во Загреб! Се едно, си велев, среќен сум што ја доживувам убавината на човековото тело како аманет низ вековите и просторот...

Убаво е моето Уметничко училиште, и јас сум горд на таа убавина, ќе заклучев во себе и ќе влезев во широкото и високо ателје.

...На првиот час по цртање акт, по жив женски модел, откако го сослушавме нашиот учител, Димитар Пандилов, поцрвенети во лицата како божури, ние, машките сите до еден, истрчавме во дворот да се изладиме...Голото тело го цртавме една недела, водејќи огнена љубов со него во нашите младешки соништа. И си ги раскажувавме еден на друг, секое утро...Молитвите во мене молеа мојот сон никогаш да не заврши...

...Цртав со природен јаглен врз рапав пакпапир. Пандилов, нашиот профессор, тивко се движеше зад нас, ги следеше нашите линии што прилегаа на првите чекори на штотуку исправено бебе... И одеднаш „Елате, сите овде, покрај прозорецов. Слушајте, линијата е звук, прекрасен, чист и топол како душата на топлиот леб!" Посегна по торбата што ја носеше, со едната рака ја извади векната на топлиот леб. Ја крена високо над главата и ја прекрши на половина. Од лебот, пред нашите ширум отворени очи, се извија линии. Пареата црташе пред нас невидени форми и суштества. Чудо! „Ете, рече, тоа е жива и топла линија!" Жива линија, тогаш прв пат слушнав за неа. Од таква линија е создаден секој вистински цртеж. Како оној, на иконите, што ми ги покажуваше дедо ми.

Сонот стануваше се повозбудлив и повистинит! Во 1963 година го завршив училиштето и заминав на студии во Белград.

## *УЧИТЕЛИТЕ*

Беше со средна височина, сув, спокен и тивок. Низ тркалезните очила, со позлатена рамка, гледаа две крупни темнозелени очи. Високо чело, тенок правилен нос и темно сиви кратки мустаќи под него... Над ушите венец од седа коса.Секогаш во темен костум, чиста како снег бела кошула, запетлана до грло. Под јаката од кошулата, вратоврска од темен кармин, свилена и елегантна жива линија. Чевлите беспрекорно исчистени, црни. Со бавен, спокен и одмерен чекор се движеше мојот сакан и почитуван профессор, Димитар Пандилов. Рацете секогаш го држеше одзади. Еден збор, една лира! Кажаното секогаш носеше поттекст полн со асоцијации и длабоки чувства...



Бескрајна божествена среќа ме обземаше при секоја негова корекција; секоја негова мисла беше длабока творечка исповед пред секој свој ученик. Од него, за прв пат слушнав дека учителот бил вистински добар, кога ученикот ќе биде подобар од него.

Јас, понекогаш, долго не сликам. Само цртам;размислувам, гледам и се сеќавам; паметам луѓе, настани и соништа. И, потем кога ќе почнам да сликам, тогаш тоа е „како чума по Израиља“.

Загина во земјотресот 63-тата, во време кога доби пространо ателје во една повекекатница на булеваротот ЈНА. Замина учителот - професорот; останаа неговите цртежи и слики полни со топли и живи бои и линии.



Вистински мајстор-импресионист! Најголем на овие балкански ветрометини. Неговите слики можат рамноправно да стојат до сликите на најславните европски импресионисти.

...Муабети, муабети, муабет... Еден голем и длабок со себеси, со оние околу себе и со нас, учениците...

Лазар Личеноски постојано ни муабетеше за тајните на бојата и за оние на природата. Умееше со часови да прави анализа на делата на големите мајстори, но никогаш не го заборави времето што го живееше. „И каменот има душа, и тој има своја приказна, има свој внатрешен лик. Таков треба да се користи во мозаикот“-постојано ми повторуваше кога за прв пат почнав да правам слики со камен.

Со чекан ги кршеше камењата покрај Вардар, отворајќи им ја бојата одвнатре. Ние, учениците, го следевме љубопитно и занесено. „Бојата е срцето на каменот, слушајте како бие.“ Сите слушавме, ама малкумина умееја да чујат. Сите гледавме, ама малкумина видоа...

Црвен во лицето, со високо чело и проредена седа коса, со нос извиен нагоре, постојано насмеан, Личеноски ни ги толкуваше тајните на сликарската уметност, на онаа во Париз , каде што престојувал, и на ова кај нас. Експресијата беше неговата татковина. Таму беа насликани бачилата, сините планини околу Галичник и чудесното нишање на цветовите од афионот.

И тогаш, и сега, длабоко се поклонувам пред неговата мисла: пред вна-



трешната негова светлина што остана да живее во неговите слики.

За длабоката смисла на цртежот, за значењето на пропорцијата и нејзините волшебни тајни, за музиката во линијата, учев од професорот Димче Протугер.

Висок, црномурест, со строго зачешлана коса и густи црни веѓи над очите, со прониклив поглед, со спокој во секое движење. Димче Протугер ми ги остави во наследство значењата на човекот и неговото постоење... Ете, тоа требаше да го внесам во моето идно творештво. Тешка , но благородна задача...

...Секогаш елегантен, беспрекорно чист и уреден, кога ке влезеше во ателјето, чувствував колку човековиот дух може да биде аристократски во својот блесок. Сите вредности што ги носеше животот, според него, треба да се зголемат на најголемо рамниште во делото!

Ми беше класен раководител. Застана на моја страна, кога за матурски испит од теоретскиот дел, избрав тема од областа на философијата. На останатите, помлади професори, кои се противеа на мојот избор им објаснуваше дека уметностите не се ништо друго, туку философија на човековите творечки соништа...

Во тоа време, во скопското кино Култура, дојде прекрасниот француски филм Монпарнас 19. Филм за големиот сликар Амедео Модиљани. Тоа филмско дело уште посилно ги згусна моите соништа за единствената и неповторлива лична уметност. Модиљани го толкуваше Жерар Филип, актерска легенда на 20 век.



Една недела, секое утро, со сите мои другари од сликарскиот оддел, го гледавме тоа чудо од сликарска судбина... Потполно се идентификувавме со саканиот сликар. Тој страдаше и ние страдавме; тој сликаше ноќе по кафеани, и ние цртавме во скопската пивница Крушево; тој пиеше кога беше тажени, ние бевме тажни кога пиевме... Едно утро Личеноски не откри дека сме го вνеле и пивото на нашите палети. Откога не искара ни објасни дека тоа филмот не маѓепсал. Да, уметноста, ако е вистинска, таа е силна маѓија!

Љубомир Белогаски, европски мајстор на сувиот акварел (што е особен парадокс, кога е во прашање ова сликарска техника), ми предаваше декоративно писмо. Тој како да беше излегол од некој европски моден часопис. Висок, елегантен, исправен како планински бор, постојано во костум, кој со својата боја се совпаѓаше со неговата проседа густа коса, Белогаски беше вистински мајстор во секоја своја коректура изведена на мојот лист. „ Словото е како човекот. Тоа се црта, не се пишува„ или „Секое време има свои слова и во нив своја убавина и свој карактер“. Беше тоа искрен, строг и правичен профессор. Тој точно знаеше што бара од своите ученици; силна љубов кон работата, задачите, кон училиштето... (ми беше големо задоволство и особена чест кога години подоцна станав негов асистент на Архитектонскиот факултет, каде што тој предаваше акварел).

...Васко Дамов, Коле Манев, Кошник, Ганата, Трпо, Панде, Мира, Агна, Ѓорѓи Здравев, Паскал, Марко Арсовски, Христина... моите другари и другарки. Беа дел од мојот сон, дел од моето уметничко училиште...

Да се другарува во педесетите години од минатиот век, значеше да се дели се што се има. Така се грижевме едни за други. Бевме заедно во сонот и во животот. Учевме да цртаме, да сликаме, да моделираме, да истражуваме во текстилот и ќерамиката. Одевме во кино, во театар, на концерти во Официрскиот дом и на игранки. Учевме да живееме и да љубиме... често ми се чинеше дека сите ние сме едно единствено битие и дека никогаш нема да заминеме во некои други предели, таму од другата страна на сонцето. Но, мнозина одамна заминаа...

Цртав, сликав, моделирав и читав; Иго, Балзак, Флобер, Бодлер, Александар Дима, Гогољ, Достоевски, Сервантес... Софокле, Еврипид, Есхил...Есенин и Лорка... Посакав да пишувам и пишував.

„Закачен на мене, постојано сонува, потсетува на ут: Понекогаш јас ќе го раскопчам, а понекогаш раната под него, под стариот мој капут...“

Во училиштето имавме литературна секција што ја водеше мојот почитуван профессор, Никола Вангеловски. Заедно со него, патувавме низ Македонија, гостувајќи низ средните училишта и гимназиите... Тоа беа вечери и ноќи непроспиени, а полни со љубов и возбуда.

Го сакав театарот. Во Стариот театар немаше претстава, опера и балет што не бев ги видел. Во училиштето имавме и театарска група. Играв, натпреварувајќи се на градските, републичките и сојузните смотри... Сонот беше се побогат и се попривлечен. Така, јас се претопив во моето училиште; бев цртеж, слика, книга и песна. И тоа се се преточи во мене; прекрасни професори, искрени другари и часови исполнети со знаења што откриваа таинствени предели во мене. И таму од време на време, ќе поминеше дедо ми, покажувајќи ми ги по кој знае кој пат живите икони од чаирската црква...

Ги одбранив своите пет слики, ја одбранив својата одбрана тема од областа на философијата пред училишната комисија и матурирав со одличен успех.

Ме обзеде неснослива тага, кога ми рекоа, кога ме разбудија, дека сум го завршил школувањето низ сите пет години. А сега каде?

Се качив на воз и заминав во Белград. Го положив приемниот испит на Академијата за ликовни уметности и продолжив да сонувам.

Моето Уметничко училиште нема да го заборавам никогаш! Јас сум во него и тоа е во мене!



*Проф. м-р **Владимир Георѓиевски***
*академски сликар*

# КАКО ЗАПОЧНА...



*Професорот Личеноски со учениците*





*Во училиштето некогаш...*

















За време на часовите
во училиштето
некогаш...















